Прашања и одговори бр. 2

за јавен повик 01-114/2026, со предмет Масло за горење – мазут М1

1. Недостаток на реципроцитет

Според точка 22 од тендерската документација, од понудувачите се очекува да достават банкарска гаранција за учество, во вкупен износ од 3.140.000 денари. Исто така, според точка 23 од тендерската документација и член 8 од моделот на договорот, Продавачот е должен да обезбеди **банкарска гаранција за добро извршување на договорот** во вкупен износ од 6.280.000 денари. Понатаму, моделот на договорот, во својот член 12, предвидува договорна казна во износ од 0,1% од вредноста на неиспорачаниот производ за секој ден доцнење.

За возврат, видно од моделот на договор, не постои обврска за обезбедување банкарска гаранција од страна на Купувачот, која ќе ги обезбеди плаќањата кон Продавачот и ќе го оправда одложеното плаќање кое се бара од Продавачот.

Во оваа насока, бараме појаснување кој е предвидениот механизам согласно кој Купувачот ќе ги обезбеди своите финансиски обврски кон Понудувачот/Продавачот? Во спротивно, доколку таков механизам не е предвиден, бараме измена на тендерската документација, во делот на модел договорот, согласно која ќе се предвиди обврска и за Купувачот за обезбедување на банкарска гаранција, која би послужила како обезбедување за финансиските обврски на Купувачот и како обезбедување дека сите договорени количини ќе бидат купени од Продавачот, или да се променат условите на Договорот и да се предвиди дека моделот на плаќање ќе биде авансно плаќање.

Одговор: Купувачот АД ЕСМ –Скопје не го прифаќа предлогот за измени во ТД во поглед на: - "банкарска гаранција која би послужила како обезбедување за финансиските обврски на Купувачот и како обезбедување дека сите договорени количини ќе бидат купени од Продавачот, или да се променат условите на Договорот и да се предвиди дека моделот на плаќање ќе биде авансно плаќање".

2. Обезбедување на достапност на производот

Во корелација со горенаведеното, тендерската документација и моделот на договор не предвидуваат точен или барем приближен/очекуван динамичен план, т.е. план со приближни периодични (по можност, месечни) количини што треба да ги нарача Купувачот, туку предвидуваат соработка врз основа на дневни нарачки. Понатаму, не постои обврска или гаранција дека Купувачот ќе ги купи предвидените количини од производот во разумен рок од почетокот на Договорот, со оглед на тоа што Договорот нема да биде потпишан за одреден временски период, туку за период до исцрпување на договорената/одобрената количина. Како што ви е познато, мазутот е

многу специфичен производ, кој не е предмет на малопродажба на бензински пумпи, туку само на барање од крајни корисници. Ова подразбира дека продавачот ќе треба да го направи производот достапен пред секоја нарачка, врз основа на потпишан договор со својот добавувач, кој за возврат треба да го направи производот достапен за испорака до продавачот од своите добавувачи. Затоа, во недостиг на однапред достапни информации за потребите на клиентот, постои голема веројатност продавачот да се соочува со предизвици за навремено организирање на достапноста на бараната количина.

Обезбедувањето динамичен план/план за испорака би ги олеснило логистичките ограничувања со кои може да се соочи добавувачот со оглед на моменталната поставеност на односите, предвидена во тендерската документација и модел договорот. Испораката на големи количини на мазут бара успешен и непрекинат транспортен циклус на голем број камиони (постапките за товарење, царинење и истовар треба успешно да се повторуваат секој ден). Со оглед на наведеното, изразуваме длабока загриженост во врска со сериозните логистички ограничувања за доследно почитување на моментално предвидените услови за испорака.

За да се надмине овој проблем, предлагаме измена на тендерската документација во делот на модел договорот, со предвидување на една од следните две опции: а) да се обезбеди динамичен план како додаток на Договорот, кој ќе го опфаќа целото времетраење на Договорот сè додека не се исцрпи договорениот/одобрениот износ или б) да се измени Договорот со вклучување обврска Купувачот да му обезбеди на Продавачот месечен план за испорака, најдоцна во одреден период (на пр. 10 дена) пред почетокот на месецот. Таквото решение би било од интерес за двете страни, за Купувачот ќе значи обезбедување на навремена испорака на производот, а за Продавачот ќе значи избегнување на негативни последици поради недостаток на достапност на производот кај нарачките со краток период на нарачка.

Одговор: Потрошувачката на мазут зависи од повеќе фактори кои во најголем дел се непредвидливи.

Во врска со динамичниот план за испорака на мазут за потребите на ТЕ Осломеј, сакаме да Ве информираме дека истиот е во зависност од планот за производството на електрична енергија, така што потребите на мазут во месеците декември 2026, јануари и февруари 2027 година би се движеле од 80-110 цистерни месечно.

Воедно сакаме да напоменеме дека овие податоци се од исклучиво индикативен и ориентационен карактер и претставуваат првична, хипотетичка проценка. Ве молиме да земете предвид дека реалната потрошувачка на мазут е исклучително променлива, особено во периодот на грејната сезона и

непредвидливите временски услови, кои директно диктираат нагли промени во потрошувачката.

Поради овие фактори, горенаведените количини не претставуваат фиксна обврска за купувачот, а реалните количини за испорака може значително да отстапуваат од наведениот план. Конечните нарачки се дефинираат во од, односно во петок од нашата подружница се дава динамика за испорака на мазут за потребите на наредната недела.

3. Појаснување на останати точки од тендерската документација

а) Според точка 22 од тендерската документација, крајниот рок за доставување на понудата е предвиден да биде 01.11.2026. Со оглед на тоа што вака определениот краен рок паѓа во недела, ве молиме за појаснување – потврда на крајниот рок за доставување на понудите како и времето на јавно отварање на истите, односно дали во согласност со Законот за општата управна постапка, рокот ќе се помести за првиот нареден работен ден – Понеделник, 02.11.2026 година.

б) Во Прилог број 1 кон тендерската документација е наведено следното: *"Единечна цена на мазут — Масло за горење М-1 НС, согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт од Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија, која важи на денот на објава на огласот во дневните весници **(02.11.2026),** без ДДВ, а со акциза и други трошоци, во МКД/кг."*

Со оглед на тоа што огласот беше објавен на 26.10.2026 година, ве молиме за појаснување – потврда на датумот согласно која одлука на РКЕ треба да биде дефинирана цената.

в) Во Прилог број 5 кон тендерската документација е наведено следното: *"Количина на јавна набавката: околу **33.661,5 тони мазут** од кои за: Количините се ориентациони и не обврзувачки."*

Со оглед на тоа што ориентационата количина дефинирана во тендерската документација е 6.500 Т, очигледно постои неусогласеност помеѓу двата документи, што ја наметнува потребата за корекција на Прилог број 5 кон тендерската документација, особено имајќи во предвид дека истиот треба да биде потпишан од страна на понудувачот.

г) Во член 7 од модел Договорот, во одделот - Формирање на приемна количина, наведено е дека за рекламации при испораките во подружница РЕК Осломеј ќе се прифатат само отстапувања од +/-0,4 масени проценти, измерени на вагата на Купувачот, без трето контролно вагање. Ваквото исклучување на можноста за трето контролно вагање претставува отстапување од досегашната пракса на тендерите

распишани од ЕСМ, но воедно претставува и девијација од вообичаените добри практики кои се применливи во државата. Од таа причина, предлагаме промена на тендерската документација, во наведениот дел од модел Договорот, со предвидување на можност за трето контролно вагање, како што беше случај со претходните модел Договори.

Одговор: Во однос на наводите под а), б) и в) Ве информираме дека се работи за технички грешки. Соодветни измени се направени во тендерската документација која е прикачена на нашата веб страница (корегирана ТД).

Купувачот АД ЕСМ –Скопје не го прифаќа предлогот за измени во ТД во поглед на предвидување на можност за трето контролно вагање од причина што нема во близина ваква вага која би се користела како контролна.

Комисија за јавни набавки